01 - 136/1
12. 01 24

# ГОДИШНА ПРОГРАМА СО ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ ЗА 2024 ГОДИНА

Институција: Дирекција за технолошко индустриски развојни зони

Период: 2024 година

Вкупна вредност: 2.053.261.000,00 ден.

## *ВОВЕД*

## ОСТВАРЕНИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2023 година

Клучни резултати од реализација на Работната програма 2023 се следните:

- ✓ Постигнат договор за најголемата странска гринфилд инвестиција од независноста на С.Македонија со тајвански Yageo во вредност од 205 милиони евра
- ✓ Остварено ниво на извоз од 3,85 милијарди евра или раст од 3% во однос на 2022
- ✓ 1.700 отворени нови работни места или раст од 11% во однос на 2022 година
- ✓ Нето ефект на извоз увоз од 19.5 % односно близу 0,675 милијарди евра
- ✓ Остварени приходи во Буџет по однос на придонеси и персонален данок помеѓу 4,5 и 5 милијарди МКД односно 50 – 75% раст во однос на 2022 година (првичен податок)
- ✓ Првични ефекти во делот на раст на плати: најмалку 20% раст на нето плати во однос на 2022г.
- ✓ 6 Постигнати договори за нови инвестиции во вкупна вредност од над 450 милиони евра
- ✓ Предвидени се нови над 7.500 работни места со овие инвестиции

## ЦЕЛ

Со новата Програма за работа 2024 се воспоставува и зајакнува континуитетот на новиот пристап и иницијативи кој започна да се применува од 2021 година.

Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони има за долгорочна цел да придонесе кон зголемување на конкуретноста во економијата заснована на вистинско знаење, обезбедување на забрзан технолошки развој кој би бил втемелен на трансфер на знаења, развој на истражувачките активности и инвестиции, како и системска и современа едукација на сите релевантни чинители во општеството.

Во овие рамки, ќе се поттикнува и достигнување на повисок степен на професионалност, поголема конкурентност во самиот деловен сектор, но и менување на навиките на младите во смисла на постојано преиспитување на веќе одредените знаења и вистини, стремеж кон лично подобрување, свест дека треба да се води чекор со времето, што пак воедно води и кон подобрување на целокупното општество.

Во наредниот период, преку темелната посветеност на промоцијата и поттикнувањето на инвестициите и подобрување на пристапот до финансиски услуги за инвестиции активно ќе настојува да обезбеди дополнителни извори за финансирање на деловни идеи и нивен пласман на пазарите.

Исто така, Дирекцијата има капацитет да прерасне во водечка институција во регионот во поглед на обезбедувањето солидна поддршка за економски развој, а ја има способноста да нуди и реализира нови иницијативи во насока на примената на инвестициите како култура на живеење пред се` во доменот на стопанството, но и понтамау, во сите сегменти на македонското општество коешто во моментов се стреми да ги надрасне застарените крути и нефункционални модели на работа. Својата мисија Дирекцијата ќе ја реализира одговорно и посветено, со цел издигнување на македонската економија на повисоко развојно ниво.

## НОВ ПРИСТАП ВО РАБОТЕЊЕТО

### *Основи*

Основната цел на Законот за ТИРЗ е забрзување на економскиот развој на државата преку привлекување на странски и домашен капитал за развој на нови технологии и нивна примена во националната економија, зголемување на конкурентноста и зголемување на вработувањето.

Надлежностите на Дирекцијата согласно Законот за ТИРЗ се однесуваат на погодностите за инвестирање во технолошките индустриски развојни зони, основањето, развојот и работењето на зоните, дејностите кои се вршат во нив и посебните услови за нивно вршење, стекнувањето со објекти, издавање на одобрение за градење, давање закуп на земјиште, примената на царинските прописи во зоните како и други постапки согласно законот.

Технолошките индустриски развојни зони претставуваат алатка во стратегијата за економскиот раст на државата, особено на економија во развој главно преку можноста за зајакнување на нивната индустриска конкурентност. Истите се значајни и за воспоставување релации помеѓу странски компании и локални бизниси и создавање пошироки позитивни ефекти за целокупната економија.

Појдовна анализа за состојбите во 2020 г, што ќе служи и како основа за оценка на постигнатите резултати од новиот концепт.

## ДЕЛ 1. ЦЕЛИ И ПОЈДОВНА ОСНОВА

Основни цели:

- ✓ 1 милијарда евра инвестиции во ТИРЗ до 2024 (100% раст во однос на ниво постигнато во период 2010 – 2020) - **постигнато**
- ✓ 14.000 нови работни места во ТИРЗ до 2024 (100% раст во однос на број генериран во период 2010 – 2020) – **досега се реално отворени над 5.000 нови работни места, а во постигнатите договори за нови инвестиции проектирани се дополнителни над 10.000**
- ✓ Придонес на ТИРЗ економијата кон растот на БДП до 1 п.п (процентен поен) до 2026 година
- ✓ 8 милијарди денари годишни приходи од ТИРЗ во Буџет до 2026 (300% раст во однос на ниво достигнато во 2020) – **постигнато ниво од околу 4,5 милијарди денари во 2023**

За остварување на овие цели од 2021 година е воведен **нов „паметен“ пристап** во работењето и поттикнување на инвестициите.

Нови иницијативи/воведени алатки во работење во 2021 - 2023 г:

- Нов After care систем за инвеститори со три столба →
  - Поддршка во обезбедување на услуги од Дирекцијата за ТИРЗ
  - Поддршка во обезбедување на услуги од други институции
  - Поддршка во обезбедување на услуги на домашниот пазар

- Направено пазарно вреднување на државното земјиште во ТИРЗ → инвеститорите во Скопје плаќаат поголем надомест од оние во останатите ТИРЗ низ државата
- Нова мерка за рамномерен регионален развој (и намалување на трошоци од Буџет за поттикнување на инвестиции) → разликата од пазарната до субвенционирата цена на наем се пресметува како државна помош
- Зајакната предвидливост на деловна клима и сигурност за инвеститорите
  - Изработено ново Упатство за подобни инвестициски трошоци
  - Воведен модел на надворешен мониторинг на реализација на обврските од договорите со инветиторите (од страна на реномирани меѓународни ревизорски куќи)
  - Олеснет пристап на странски инвеститори вон зоните до ТИРЗ (и новиот after care систем)
  - Изработена методологија за државна поддршка за поттикнување на инвестиции
  - Измена на Закон на ТИРЗ и Закон за индустрски и зелени зони кои се во насока на либелизарција на зоните и целосно отворање кон домашните инвеститори со олеснување на пристапот за добивање на државна помош.
  - Нов закон за креирање на национална инвестициска агенција – се работи за проект на ЕУ за рационализација на јавен сектор со цел да се креира едниственна точка за поддршка на сите инвеститори, домашни и странски)

- Направена анализа на ефектите од работењето на компаниите во ТИРЗ за период од 10 години (2010 - 2020):
    - 16% просечен годишен раст на приходите
    - 32% просечен годишен раст на нето приход
    - 55% просечен годишен раст на продуктивноста
    - 10% просечен годишен раст на платите

Резултатите од 10 годишната анализа служи како основа за креирање на мерки за поттикнување на инвестиции со повисок квалитет (повисоки плати и уплати кон Буџетот).

- Воведени редовни месечни, квартални и годишни анализи на работењето
    - Анализите ќе се надополнат и со следење на влијание на цени на инпути во производство и обем врз извоз (соработка со Царинска управа)

## ДЕЛ 2. СТОЛБОВИ НА ИНТЕРВЕНЦИЈА

### 2.1 ПОТТИКНУВАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИИ СО ПОВИСОК КВАЛИТЕТ

#### 2.1.1 Реализација на Стратешки зелен инвестициски фонд

Поттикнување на инвестиции до 0,75 милијарди евра до 2025/6 во: зелени објекти, зелени технологии, инфраструктура и технолошко унапредување на домашни компании.

Моделот е развиен во соработка со Светска банка и предвидува учество на државата во финансирањето до 9%. Останатите средства се обезбедуваат од институционални и приватни фондови/финансиери, како и комерцијални банки.

Подготвени се три проекти, што започнаа со реализација во 2022/3г.:

- Изградба на зелен објект за познат инвеститор (индикативна вредност на инвестиција: 14 милиони евра)
- Пристап до обновливи извори на енергија во ТИРЗ (индикативна вредност на инвестиција: 120+ милиони евра)
- Изградба на прва зелена/здравствена зона во Северна Македонија (индикативна вредност на инвестиција: 400+ милиони евра)

Статус :

- Првиот проект е реализиран и веќе е потпишан договор (Магна Мехатроникс – ТИРЗ Штип), како и за објектот на компанијата е.Го во ТИРЗ Тетово. Комбинирана вредност на двата објекти е над 55 милиони евра
- Во подготовка се нови два проекти за зелени објекти за компаниите БМЗ и Вабтек
- За вториот проект завршен е прв повик за ЈПП за изградба на соларни централи во пилот ТИРЗ локации (Скопје, Штип, Струмица, Прилеп и Струга)
- За третиот проект во подготовка е обновен повик за ЈПП за избор на приватен партнер за управување со ТИРЗ Гевгелија

#### 2.1.2 Програма за развој на пазарот на трудот во С.Македонија преку задржување на младите во земјата #ИднинатаПочнуваДома

Нова програма пилотирана во 2023 година чија цел е задржување на младите луѓе во земјата и нивно активирање на пазарот на трудот. Истото се реализира преку промоција на лични (успешни) приказни на млади македонски претприемачи, на лица вработени во компаниите во ТИРЗ, студенти и средношколци што учествуваат во различни програми и активности на Дирекцијата и Владата итн.

За реализација на кампањата се користат повеќе медиуми и партнери, вклучително и Стопанската комора на С.Македонија. Програмата ќе продолжи со реализација во 2024г.
**Рок на реализација: континуирано**

### 2.1.3 Програма за поттикнување на инвестиции #РастемеЗаедно

Новата програма се базира на направената анализа на ефектите од странските инвестиции во Северна Македонија за период 2010 – 2020 година. Анализата покажува дека инвеститорите кои инвестирале постигнуваат позитивни економски резултати и растат континуирано. Програмата ќе се реализира под мотото #WeGrowTogether/#РастемеЗаедно.

Промотивниот дел на програмата (во првата фаза) се реализираше со тимот на светскиот познатиот економски магазин „Економист" и беше насочена кон земјите од Западна Европа. За 2024 година покрај во „Економист" предвидено е промоција и во други влијателни странски медиуми од англиско и германско јазично подрачје, како и на други потенцијални инвеститорски региони како САД и Азија.

Главните цели на кампањата се и остануваат:

- Привлекување инвестиции со поголема додадена вредност
- Компании кои инвестираат во иновации и истражување и развој
- Проширување на инвестициите во секторите: здравство, фармација, ИТ итн.

Клучен дел во програмата, како елемент од „паметниот" пристап е мобилизирање на реномирани меѓународни куќи за поддршка во пристап и поттикнување на интерес за инвестирање. Истото е овозможено со новините во Упатството за подобни инвестициски трошоци (донесено во 2021).

**Рок за реализација: Q1/2024**

### 2.1.3 Индивидуализиран пакет поддршка за инвеститори (*паметен* пристап)

Поддршката се базира на проценка на квалитетот на инвестицијата преку анализа на 10 годишни проекции за приходи, добивка, број и структура на работни места и бруто плати. Согласно проценетиот период (коефициент) на поврат на инвестицијата за државата и интересот за граѓаните (висина и динамика на раст на бруто плати) се креира соодветен пакет за поддршка на инвестицијата.

Рок: **континуирано (пилотиран од 2021 наваму)**

### 2.1.4 Примена на нова Методологија за државна поддршка за поттикнување на инвестиции

Целта на методологија изработена во 2022г. е целосно искористување на потенцијалот на постојната регулатива и натамошна надградба на модел за индивидуализиран („паметен") пристап во поттикнување на инвестиции со повисок квалитет, што ќе нудат и повисоки плати за вработените.

Моделот се базира на нови алатки воведени во Дирекцијата за ТИРЗ за проценка на „повратот на средства" за државата по основ на придонеси, данок на добивка и пресонален данок.

Со Методологијата натамошно ќе се зајакне предвидливоста и ефикасноста на системот за државна поддршка на инвестиции, со целосен фокус на квалитет и интерес за државата и граѓаните.

Како дополнителна активност (паралелно) на Методологијата, Дирекцијата ќе работи на креирање на механизам за background проверка на потенцијалните инвеститори, со користење на поддршка на реномирани меѓународни правни и консултантски куќи.

Статус: Методологијата е подготвена и се очекува усвојување на новиот Закон за ТИРЗ, каде Методологијата е предвидена како подзаконски акт.

### 2.1.5 Дополнителен развој на системот за after care

Воведување на приоритетни (брзи) протоколи за пристап до јавни услуги за инвеститори (странски и домашни) во пилот институции во делот на работните односи, даноци и други прашања поврзани со реализација на инвестиции и тековно работење.

Подобрување на квалитетот на услугата кон ТИРЗ по принципот "Know your client" кој се базира на редовни customer care состаноци на 6-месечно ниво по направена анализа на работењето на компаниите (увоз, извоз, вработувања и други достапни показатели), следење на инвестициските планови и доставени проекции, споделување на повратните коментари од компаниите за тековните проблеми/предизвици со кои се соочуваат и кои влијаат врз нивните перформанси.

Статус: Влегуваме во следна фаза на изработка на електронски алатки за олеснување до пристапот на јавни услуги за инвеститорите.

**Рок за реализација (пилот): континуирано**

### 2.1.6 Други активности (поврзани и со Стратешкиот зелен инвестициски фонд)

Во 2024 година ќе се продолжи со реализација и на други проекти (отворање и развој на нови ТИРЗ и индустриски зони + други проекти), што би се реализирале и со механизмите на Стратешкиот зелен инвестициски фонд.

Дополнително, ќе продолжат и активностите за заокружување на правната и институционалната рамка за целосно и ефикасно функционирање на фондот.

Дирекцијата, во соработка со домашни и меѓународни стручни лица и институции/организации ќе работи и на поттикнување на интересот на домашни и меѓународни извори на финансирање. Во таа смисла, една од активностите ќе се однесува и на соработката на Дирекцијата со Меѓународната организација за миграции (иницирана во декември 2020 година), во делот на мапирање и поттикнување на интересот на дијаспората.

### 2.1.7 Капитални инвестиции

Во рамки на 2024 година се планираат повеке проекти за унапредување и инфрастуткурно поврзување со зоните:

- Предвидена е реализација на активности во делот на финансирање и изградба на инвеститорите (согласно предложените измени на Закон за ТИРЗ и Законот за Индустриски развојни зелени зони)
- Понатамошен развој и зголемување на атрактивноста за инвестирање во ТИРЗ зоните од страна на меѓународни клиенти, меѓудругото и преку воведување на содржини од значење за вработените (примарна здравствена заштита, детски градинки, објекти за времено сместување и кетеринг итн.)
- Идентификување, формирање на зони и развој на инфраструктура на нови локации, вклучително и поранешни големи индустриски капацитети (brownfield)
- Обезбедување на соодветни просторни услови за Национална инвестициска агенција (се креира со припојување на Агенцијата за странски инвестиции кон ТИРЗ)

## 2.2 ПОВИСОКИ ПЛАТИ

### 2.2.1 Развој на нова програма #ДобраРабота

- ✓ Поттикнување на раст на доброплатени работни места во компаниите во ТИРЗ
- ✓ Поттикнување на поголема мобилност на трудот во националната економија, како фактор во движење на платите и рамномерен развој

Непосредни цели на проектот (фаза 1):

- ✓ Креирање на единствен и реален пазар на труд во Македонија со користење на технологии и алатки на 21 век
- ✓ Целосно отворање на пазарот на труд (на страна на побарувачката) кај компаниите во ТИРЗ
- ✓ Забрзување на раст на просечна плата во ТИРЗ за 2,5 процентни поени во однос на раст обезбеден со останатите мерки на Дирекцијата, согласно новиот концепт на работа

Рок за почеток: континуирано

### 2.2.2 Поттикнување на раст на продуктивност на трудот

Обезбедување на ко-финансирање од државата за компаниите што ќе вложат средства во развој на вештини на вработените, а со цел постигнување одредена (повисока) динамика на раст на продуктивноста на трудот. За нови инвестиции мерката ќе се спроведува и во комбинација со поддршката за отворање на нови работни места, која согласно новиот пристап во работењето на Дирекцијата за ТИРЗ се доделува само за компании што покажуваат повисока динамика на раст на плати.

Целта на овие две мерки е да се искористи потенцијалот за забрзан раст на плати, базиран на разликата меѓу растот на продуктивноста на трудот и растот на платите, согласно анализата на ефектите од работењето во ТИРЗ во период 2010 – 2020.

Рок: континуирано

## 2.3 ПОДДРШКА ЗА ДОМАШНИ КОМПАНИИ

### 2.3.1 Програма за технолошко унапредување на домашни компании

Програмата е дел од Стратешкиот зелен инвестициски фонд и е развиена во партнерство со Меѓународната финансиска корпорација (IFC- International Finance Corporation), во рамки на Проект за поттикнување на влез на компании од регионот на Западен Балкан во глобални синџири за набавка. Фокус на програмата се домашните средни и големи компании, што ќе можат да користат средства преку програмите за државна помош за технолошко унапредување (нови технологии, воведување на стандарди за квалитет и развој на вештини). Целта на програмата е постигнување на потребните стандарди за домашните компании за соработка со компаниите во ТИРЗ, но и странските инвеститори во регионот, како и зголемување на извозот преку вклучување на домашните компании во глобалните синџири за набавка.

Предвидено е формирање на посебна проектна единица, што ќе придонесе во навремена подготовка и ефикасна реализација на програмата. Дирекцијата за ТИРЗ и IFC ќе потпишат и посебен договор за соработка (или анекс на постојниот) за регулирање и на финансискиот придонес од двете страни во реализација на Програмата.

Статус: Во тек е прв (пилот) јавен повик.

Планиран обем на инвестиции (до 2025/2026): 125+ милиони евра

### 2.3.2 Поттикнување на инвестиции од домашни компании

Со законски измени ќе се овозможи формирање на индустриска зона (парк) и на земјиште сопственост на приватен инвеститор, согласно одредени критериуми (големина на земјиште од 1ха и висина на инвестиција од мин. 5 милиони евра). Критериумите ќе бидат финално дефинирани во консултации со деловната заедница. Со формирање на индустриска зона во надлежност на Дирекцијата за ТИРЗ, компаниите се стекнуваат со пристап до услугите на after care (од управување со земјиште, преку олеснет пристап до одобрение за градба, квалитетна инфраструктура и услуги во делот на пристап до државната помош).

Дополнително, се овозможува и опфаќање под „надлежност“ на Дирекцијата односно на Владата и на неформални зони кои веќе постојат во земјата (пр. Визбегово), а каде се потребни интервенции во изградба на инфраструктура за потребите на компаниите кои веќе работат.

Законските измени се изготвени и усвоени од Владата на крајот на 2023г. Се очекува нивно усвојување од Собранието, по што ќе следи реализација.

**Рок:** **Q1/2024**

Статус: Направени се измени во Законот за индустриски зелени зони и во овој период е предвидено да следат и други поволности во насока на привлекување на домашните компании.

### 2.3.3 Поттикнување на инвестиции во услуги со повисока додадена вредност

Мерката предвидува отворање на посебни зони или делови од постојните зони во кои различни даватели на услуги ќе може да користат просторна, инфраструктурна и друга поддршка (вклучително и даночни предности) за креирање и продажба на услуги со повисока додадена вредност.

**Рок:** **Q1/2024**

*Модели на реализација*

За реализација на Работната програма 2024 Дирекцијата ќе користи:

- сопствени човечки ресурси и капацитет, како и
- ангажман на надворешна експертиза (правни субјекти и физички лица)
- ќе го користи рамката и механизмите на Стратешкиот зелен инвестициски фонд (како што е предвидено и со Планот за забрзан економски раст 2022 - 2026, усвоен од Владата на 118та седница, одржана на 09ти ноември 2021 година)
- ќе ја продолжи и прошири соработката со меѓународни организации (преку ко-финансирање на активности, како и формирање на проектни единици и друго)
- ќе воспостави соработка со други организации и институции (комори, здруженија итн.)

Финансиските и останатите ресурси ќе бидат обезбедени во рамки на редовната и приходната сметка на Буџетот на Дирекцијата за 2024 година (финансиски план во прилог на Програмата).

За реализација на предвидените активности во Работната програма 2024 ќе се искористат постојните законски рамки. По потреба, ќе се пристапи кон подготовка на нова законска и подзаконска регулатива во соработка со стручни лица, институции и домашни и меѓународни партнери.

## ДЕЛ 3. ИНСТИТУЦИОНАЛНО ЗАЈАКНУВАЊЕ И МЕРЛИВИ РЕЗУЛТАТИ

Во 2024 година ќе се продолжи со процесите на нова организациска поставеност и зајакнување на внатрешните капацитети на Дирекцијата. Овие процеси опфаќаат:

- интеграција на капацитетите на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот и креирање на Национален инвестициски сервис (агенција)
- Спроведување на подготвениот нов акт за систематизација
- втора фаза од проценка на вештини на ангажираните лица
- континуитет во програмите за пракса на млади лица/студенти, во соработка со универзитетите
- креирање на посебни единици за реализација на проекти/програми, во соработка со меѓународни партнери
- подготовка и иницирање на измени во регулатива, со кои дополнително ќе се подигне нивото на професионализација на институцијата
- спроведување на препораки од Државен завод за ревизија врз основа на извршената ревизија на Дирекцијата во рамки на 2022 година
- Изработка на нова Стратегија за поттикнување на инвестиции
- усогласување со Акцискиот план за Индустриска стратегија на Република Северна Македонија
- во контекст на предходното, обезбедување на соодветен модел за надомест/плата на лицата ангажирани на различни основи, вклучително и за редовно вработени

Моделот на исплата на надоместоци (плати) за ангажираниот труд ќе се поврзе, меѓудругото, и со придонесот од работењето врз Буџетот на државата.

### *Мерливи резултати*

Дополнително, ќе се работи на воведување на модел на мерење на учинокот на поединци и на Дирекцијата за ТИРЗ преку постигнување на конкретни, мерливи резултати на годишно ниво.

Мерливите резултати ќе се дефинираат на начин да придонесат кон следните генерални цели:

- % на раст на платите (посебно, но и во однос на % на инфлацијата)
- % на намалување на бројот на наши сограѓани што живеат под прагот на сиромаштијата
- Вкупен и % на пораст на бројот на лица што предходно заминале во странство и се вратиле назад во однос на вкупно население
- % на раст на јавните вложувања во образование и здравство, како дел од приоритетните области
- % на пораст на индекс на квалитет на живеење

*Транспарентност и комуникации*

Дирекцијата ќе продолжи и ќе ја зајакне комуникцијата со сите заинтересирани страни, целни групи и јавноста, генерално, за сите прашања поврзани со реализација на Работната програма 2024 и останати од наша надлежност. За таа цел, покрај ангажираната надворешна професионална поддршка, во 2024г. ќе се продолжи со политиките на градење на партнерства со Советот на странски инвеститори и други институции и организации.

Во рамки на овие активности, ќе се подготви и спроведе нова кампања за поттикнување на странски и домашни инвестиции.

| | 3. СПЕЦИФИРАНИ ПРИХОДИ | ОСТВАРЕНО 2023 | ОСТВАРЕНО I КВАРТАЛ 2023 | ОСТВАРЕНО II КВАРТАЛ 2023 | ОСТВАРЕНО III КВАРТАЛ 2023 | ОСТВАРЕНО IV КВАРТАЛ 2023 | ПЛАНИРАНО 2024 | ПЛАНИРАНО I КВАРТАЛ 2024 | ПЛАНИРАНО II КВАРТАЛ 2024 | ПЛАНИРАНО III КВАРТАЛ 2024 | ПЛАНИРАНО IV КВАРТАЛ 2024 | ОСТВАРЕНС ал од тековн | Споредбен а анализа оств. тек. година/ оств | Споредб ена оств. тек. година / | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Приходи од дејноста | | | | | | | | | | | | | | |
| 1 | Приходи од самофинансирачки активности | 431,871,727 | 165,708,804 | 87,157,757 | 81,820,799 | 97,184,367 | 543,000,000 | 250,000,000 | 140,000,000 | 76,500,000 | 76,500,000 | | | | |
| 2 | Вкупни оперативни приходи | 431,871,727 | 165,708,804 | 87,157,757 | 81,820,799 | 97,184,367 | 543,000,000 | 250,000,000 | 140,000,000 | 76,500,000 | 76,500,000 | | | | |
| | Останати приходи | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | Приходи од Буџет | 1,944,929,718 | 198,258,613 | 478,119,399 | 212,013,915 | 1,056,537,791 | 1,510,261,000 | 1,000,000,000 | 200,000,000 | 210,261,000 | 100,000,000 | | | | 73.55 |
| 4 | Вкупно останати приходи | 1,944,929,718 | 198,258,613 | 478,119,399 | 212,013,915 | 1,056,537,791 | 1,510,261,000 | 1,000,000,000 | 200,000,000 | 210,261,000 | 100,000,000 | | | | 73.55 |
| 5 | Вкупно приходи ( 2+4) | 2,376,801,445 | 363,967,417 | 565,277,156 | 293,834,714 | 1,153,722,158 | 2,053,261,000 | 1,250,000,000 | 340,000,000 | 286,761,000 | 176,500,000 | | | | 100.00 |

| | 4. СПЕЦИФИРАНИ РАСХОДИ БУЏЕТ НА ДТИРЗ | ВКУПЕН ОСТВАРЕНО 2023 | ОСТВАРЕНО I КВАРТАЛ 2023 | ОСТВАРЕНО II КВАРТАЛ 2023 | ОСТВАРЕНО III КВАРТАЛ 2023 | ОСТВАРЕНО IV КВАРТАЛ 2023 | ПЛАНИРАНО 2024 | ПЛАНИРАНО I КВАРТАЛ 2024 | ПЛАНИРАНО II КВАРТАЛ 2024 | ПЛАНИРАНО III КВАРТАЛ 2024 | ПЛАНИРАНО IV КВАРТАЛ 2024 | ОСТВАРЕНО ıл од тековı | Споредоена анализа оств. тек. год/ оств. претх. | Споредбена анализа оств. тек. год / план. тек. год | Структура на Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Расходи од дејноста** | | | | | | | | | | | | | | |
| 1 | Патни и дневни расходи | 7,902,979 | 284,956 | 4,178,498 | 2,683,638 | 755,887 | 9,000,000 | 1,000,000 | 6,000,000 | 1,000,000 | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | Комунални услуги,греење,комунукација и транспорт | 289,728,920 | 89,598,536 | 50,360,644 | 39,064,475 | 110,705,265 | 275,500,000 | 90,000,000 | 62,000,000 | 50,000,000 | 73,500,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3 | Материјали и ситен инвентар | 2,798,405 | 440,635 | 496,262 | 453,052 | 1,408,456 | 4,500,000 | 1,000,000 | 1,000,000 | 1,000,000 | 1,500,000 | | | | |
| 4 | Поправки и тековно одржување | 35,989,700 | 11,591,674 | 9,408,326 | 8,273,148 | 6,716,552 | 36,000,000 | 15,000,000 | 10,000,000 | 10,000,000 | 1,000,000 | | | | |
| 5 | Договорни услуги | 39,762,259 | 5,853,059 | 8,860,150 | 10,824,293 | 14,224,757 | 41,000,000 | 7,000,000 | 10,000,000 | 12,000,000 | 12,000,000 | | | | |
| 7 | Други тековни расходи | 119,176,610 | 11,536,315 | 22,234,763 | 31,284,972 | 54,120,560 | 108,000,000 | 100,000,000 | 5,000,000 | 2,000,000 | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Привремени вработувања | | | | | | 30,000,000 | 12,000,000 | 12,000,000 | 6,000,000 | 0 | | | | |
| 8 | **Вкупно оперативни расходи** (1 + 2 + 3 + 4 + 5+6+7) | 495,358,873 | 119,305,175 | 95,538,643 | 92,583,578 | 187,931,477 | 504,000,000 | 214,000,000 | 94,000,000 | 76,000,000 | 90,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **Останати расходи** | | | | | | | | | | | | | | |
| 9 | Разни трансфери | 867,227,810 | 149,087,233 | 349,450,217 | 37,827,932 | 330,862,428 | 728,000,000 | 700,000,000 | 28,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 10 | Купување на опрема и машини | 11,470,214 | 702,926 | 6,543,104 | 1,315,181 | 2,909,003 | 25,000,000 | 12,000,000 | 5,000,000 | 4,000,000 | 4,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 11 | Градежни објекти | 41,027,071 | 217,592 | 0 | 0 | 40,809,479 | 60,000,000 | 34,000,000 | 26,000,000 | 0 | 0 | | | | |
| 12 | Други градежни објекти | 899,499,234 | 33,101,805 | 101,719,018 | 136,326,279 | 628,352,132 | 678,944,000 | 250,000,000 | 130,000,000 | 84,000,000 | 214,944,000 | | | | |
| | Исплата по извршни решенија | 128,397 | 0 | 0 | 128,397 | 0 | 0 | | | | | | | | |
| 13 | Купување на мебел | 0 | | | | | 0 | | | | 0 | | | | |
| 14 | Вложувања и нефинансиски средства | 2,550,000 | 1,832,495 | 87,487 | 0 | 630,018 | 2,000,000 | 2,000,000 | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 15 | Купување на возила | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 16 | **Вкупно останати расходи** (8+9+10+11+12+13+14+15) | 1,821,902,726 | 184,942,051 | 457,799,826 | 175,597,789 | 1,003,563,060 | 1,493,944,000 | 998,000,000 | 189,000,000 | 88,000,000 | 218,944,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 17 | **Вкупно расходи** (8+16) | 2,317,261,599 | 304,247,226 | 553,338,469 | 268,181,367 | 1,191,494,537 | 1,997,944,000 | 1,212,000,000 | 283,000,000 | 164,000,000 | 308,944,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТИ И ПРИДОНЕСИ | 48,499,275 | 10,462,529 | 11,690,217 | 12,414,275 | 13,932,254 | 55,317,000 | 13,829,250 | 13,829,250 | 13,829,250 | 13,829,250 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ | | 82 | 82 | 82 | 77 | 77 | 77 | 77 | 77 | 77 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | 4. СПЕЦИФИРАНИ РАСХОДИ ОСНОВЕН БУЏЕТ | ОСТВАРЕНО 2023 | ОСТВАРЕНО I КВАРТАЛ 2023 | ОСТВАРЕНО II КВАРТАЛ 2023 | ОСТВАРЕНО III КВАРТАЛ 2023 | ОСТВАРЕНО IV КВАРТАЛ 2023 | ПЛАНИРАНО 2024 | ПЛАНИРАНО I КВАРТАЛ 2024 | ПЛАНИРАНО II КВАРТАЛ 2024 | ПЛАНИРАНО III КВАРТАЛ 2024 | ПЛАНИРАНО IV КВАРТАЛ 2024 | СТВАРЕН 1 од теков | Споредое на анализа оств. тек. год/ оств. претх. год | Споредбена анализа оств. тек. год / план. тек. год (%) | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Расходи од дејноста** | | | | | | | | | | | | | | |
| 1 | Патни и дневни расходи | **1,000,000** | 116,324 | 883,676 | 0 | 0 | 1,000,000 | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | Комунални услуги,греење,комунукација и транспорт | **1,000,000** | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 1,000,000 | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3 | Материјали и ситен инвентар | **1,000,000** | 440,635 | 492,328 | 67,037 | 0 | 1,000,000 | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | | | | |
| 4 | Поправки и тековно одржување | **1,000,000** | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 1,000,000 | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | | | | |
| 5 | Договорни услуги | **1,000,000** | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 1,000,000 | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | | | | |
| 6 | Други тековни расходи | **86,264,236** | 0 | 13,796,456 | 25,249,995 | 47,217,785 | 76,000,000 | 76,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Исплата по извршни решенија | **128,397** | | | 128,397 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | |
| 7 | **Вкупно оперативни расходи** (1 + 2 + 3 + 4 + 5+6) | 91,392,633 | 3,556,959 | 15,172,460 | 25,445,429 | 47,217,785 | 81,000,000 | 81,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **Останати раходи** | | | | | | | | | | | | | | |
| 8 | Разни трансфери | 867,227,810 | 149,087,233 | 349,450,217 | 37,827,932 | 330,862,428 | 728,000,000 | 700,000,000 | 28,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 9 | Купување на опрема и машини | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 10 | Градежни објекти | 40,332,147 | 217,592 | 0 | 0 | 40,114,555 | 20,000,000 | 20,000,000 | 0 | 0 | 0 | | | | |
| 11 | Други градежни објекти | 894,927,853 | 33,101,805 | 101,719,018 | 136,326,279 | 623,780,751 | 623,944,000 | 210,000,000 | 110,000,000 | 84,000,000 | 219,944,000 | | | | |
| 12 | Купување на мебел | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | |
| 13 | Вложувања и нефинансиски средства | 2,550,000 | 1,832,495 | 87,487 | 0 | 630,018 | 2,000,000 | 2,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 14 | Купување на возила | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 15 | **Вкупно останати расходи** (8+9+10+11+12+13+14) | 1,805,037,810 | 184,239,125 | 451,256,722 | 174,154,211 | 995,387,752 | 1,373,944,000 | 932,000,000 | 138,000,000 | 84,000,000 | 219,944,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 16 | **Вкупно расходи** (7+15) | 1,896,430,443 | 187,796,084 | 466,429,182 | 199,599,640 | 1,042,605,537 | 1,454,944,000 | 1,013,000,000 | 138,000,000 | 84,000,000 | 219,944,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТИ И ПРИДОНЕСИ | **48,499,275** | 10,462,529 | 11,690,217 | 12,414,275 | 13,932,254 | **55,317,000** | 13,829,250 | 13,829,250 | 13,829,250 | 13,829,250 | **0** | **0** | **0** | **0** |
| ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ | | 82 | **82** | 82 | 77 | 77 | 77 | 77 | 77 | 77 | **0** | **0** | **0** | **0** |

| | 4. СПЕЦИФИРАНИ РАСХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ СМЕТКА | ОСТВАРЕНО 2023 | ОСТВАРЕНО I КВАРТАЛ 2023 | ОСТВАРЕНО II КВАРТАЛ 2023 | ОСТВАРЕНО III КВАРТАЛ 2023 | ОСТВАРЕНО IV КВАРТАЛ 2023 | ПЛАНИРАНО 2024 | ПЛАНИРАНО I КВАРТАЛ 2024 | ПЛАНИРАНО II КВАРТАЛ 2024 | ПЛАНИРАНО III КВАРТАЛ 2024 | ПЛАНИРАНО IV КВАРТАЛ 2024 | СТВАРЕН ı од теков | Споредое на анализа оств. тек. год/ оств. претх. год | Споредбена анализа оств. тек. год / план. тек. год (%) | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Расходи од дејноста** | | | | | | | | | | | | | | |
| 1 | Патни и дневни расходи | 6,902,979 | 168,632 | 3,294,822 | 2,683,638 | 755,887 | 8,000,000 | 2,000,000 | 4,000,000 | 1,000,000 | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | Комунални услуги,греење,комунукација и транспорт | 288,728,920 | 88,598,536 | 50,360,644 | 39,064,475 | 110,705,265 | 274,500,000 | 89,000,000 | 62,000,000 | 50,000,000 | 73,500,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3 | Материјали и ситен инвентар | 1,798,405 | 0 | 3,934 | 386,015 | 1,408,456 | 3,500,000 | 0 | 1,000,000 | 1,000,000 | 1,500,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4 | Поправки и тековно одржување | 34,989,700 | 10,591,674 | 9,408,326 | 8,273,148 | 6,716,552 | 35,000,000 | 14,000,000 | 10,000,000 | 10,000,000 | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5 | Договорни услуги | 38,762,259 | 4,853,059 | 8,860,150 | 10,824,293 | 14,224,757 | 40,000,000 | 6,000,000 | 10,000,000 | 12,000,000 | 12,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6 | Други тековни расходи | 32,912,374 | 11,536,315 | 8,438,307 | 6,034,977 | 6,902,775 | 32,000,000 | 24,000,000 | 5,000,000 | 2,000,000 | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Привремени вработување | | | | | | 30,000,000 | 12,000,000 | 12,000,000 | 6,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 7 | **Вкупно оперативни расходи** (1 + 2 + 3 + 4 + 5+6) | 404,094,637 | 115,748,216 | 80,366,183 | 67,266,546 | 140,713,692 | 423,000,000 | 147,000,000 | 104,000,000 | 82,000,000 | 90,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **Останати раходи** | | | | | | | | | | | | | | |
| 8 | Разни трансфери | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 9 | Купување на опрема и машини | 11,470,214 | 702,926 | 6,543,104 | 1,315,181 | 2,909,003 | 25,000,000 | 12,000,000 | 5,000,000 | 4,000,000 | 4,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 10 | Градежни објекти | 694,924 | 0 | 0 | 0 | 694,924 | 40,000,000 | 14,000,000 | 26,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 11 | Други градежни објекти | 4,571,381 | 0 | 0 | 0 | 4,571,381 | 55,000,000 | 25,000,000 | 20,000,000 | 5,000,000 | 5,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 12 | Купување на мебел | | | | | | | | | | | | | | |
| 13 | Вложувања и нефинансиски средства | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 14 | Купување на возила | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 15 | **Вкупно останати расходи** (8+9+10+11+12+13+14) | 16,736,519 | 702,926 | 6,543,104 | 1,315,181 | 8,175,308 | 120,000,000 | 51,000,000 | 51,000,000 | 9,000,000 | 9,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 16 | **Вкупно расходи** (7+15) | 420,831,156 | 116,451,142 | 86,909,287 | 68,581,727 | 148,889,000 | 543,000,000 | 198,000,000 | 155,000,000 | 91,000,000 | 99,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**ВРАБОТЕНИ**
**ВРЗ ОСНОВА НА НАЦИОНАЛНАТА СТРУКТУРА**

*Табела: Вработени, врз основа на националната структура, со состојба до31 декември 2023 година*

| дирекција/подружница | Македонци | Албанци | Срби | Турци | Роми | Власи | Други националности | Вкупно: |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Дирекција за технолошки индустриски развојни зони** | 60 | 12 | 1 | 2 | 0 | 0 | 2 | **77** |
| % | 77.9 | 15.6 | 1.2 | 3.5 | 0.0 | 0.0 | 3.5 | 100 |

# ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗИРАНИ И ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ЗА БРУТО ПЛАТИ И СРЕДСТВА ЗА АНГАЖИРАЊЕ ЛИЦА

*Дирекција затехнолошки индустриски развојни зони*

| Период | реализирани средства за бруто плати (претходна година)* | | | | реализирани средства за ангажирање лица/Закон за трансформација во редовен работен однос (претходна година) | | планирани средства за бруто плати (тековна година)** | | | | | | | | планирани средства за ангажирање лица/Закон за трансформација во редовен работен однос (тековна година) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | неопределено работно време | | определено време/АПВ | | | | неопределено работно време | | | | определено време/АПВ | | | | | |
| | износ (во денари) | број на лица | износ (во денари) | број на лица | износ (во денари) | број на лица | износ (во денари) | број на постојни вработени | број на новвработени | број на испразнети раб. места по било кој основ | износ (во денари) | број на постојни вработени | број на новвработени | број на испразнети раб. места по било кој основ | износ (во денари) | број на лица |
| јануари | 3,448,208 | 82 | | | | | 4,609,750 | 77 | | | | | | | | |
| февруари | 3,431,856 | 82 | | | | | 4,609,750 | 77 | | | | | | | | |
| март | 3,761,032 | 82 | | | | | 4,609,750 | 77 | | | | | | | | |
| април | 3,993,222 | 82 | | | | | 4,609,750 | 77 | | | | | | | | |
| мај | 4,008,603 | 82 | | | | | 4,609,750 | 77 | | | | | | | | |
| јуни | 4,179,396 | 82 | | | | | 4,609,750 | 77 | | | | | | | | |
| јули | 4,176,098 | 82 | | | | | 4,609,750 | 77 | | | | | | | | |
| август | 4,100,486 | 82 | | | | | 4,609,750 | 77 | | | | | | | | |
| септември | 4,478,702 | 81 | | | | | 4,609,750 | 77 | | | | | | | | |
| октомври | 4,334,511 | 77 | | | | | 4,609,750 | 77 | | | | | | | | |
| ноември | 4,259,310 | 77 | | | | | 4,609,750 | 77 | | | | | | | | |
| декември*** | 4,395,531 | 77 | | | | | 4,609,750 | 77 | | | | | | | | |
| вкупно | 48,566,955 | | 0 | | 0 | 0 | 55,317,000 | | 0 | 0 | 0 | | 0 | 0 | 0 | |

* Претходна година е годината која претходи на годината за која се однесува Финансискиот план
** Тековна година е годината за која се однесува Финансискиот план
*** Бруто плата за декември е планирана, не е реализирана

Претседател на Управен одбор

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ КОН ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН

Финансискиот план за 2024 година претставува преглед на приходи, извори на приходи и нивна алокација за реализација на планираните активности на Дирекцијата.

Согласно Буџетот на Република Македонија за 2024 година, буџетот на Дирекцијата изнесува 2.053.261.000,00 денари од кои средствата обезбедени со Буџетот на РМ на сметка 637 за 2024 година изнесуваат 1.510.261.000,00 денари .

Воедно Дирекцијата обезбедува средства од самофинансирачки активности во износ од 543.000.000,00 денари наменети пред се за обезбедување оперативни услови и одржување на зоните како и унапредување на квалитетот на услугите кон корисниците на ТИР Зоните во Р. Македонија.

Обезбедените средства за поедини активности предвидени во Годишната програма со финансиски план можат да се прераспределуваат со прераспределба на расположливите средства внатре во Годишната програма со финансиски план на Дирекцијата за ТИРЗ за 2024 година.

ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ + ИНДИКАТОРИ НА УСПЕХ 2024

Со обезбедување на предложените средства во Буџетот на Дирекцијата за ТИРЗ за 2024 година ќе се постигне:

- ✓ Навремена и целосна реализација на 250 милиони евра договори за странски инвестиции, склучени во 2021 година
    - со предвидени најмалку 3.000 нови работни места во период до 2024/4,
    - зголемување на вкупен извоз од најмалку 3,5 милијарди евра до 2030 година, како и
    - новогенерирани приходи во Буџетот од најмалку 135 милиони евра за истиот период

- ✓ Навремена реализација на обврски од потпишани договори во период до 2020 година, во вкупен износ од 300 милиони евра (односно над 600 милиони евра планирани и/или реализирани инвестиции)

Како првични индикатори на успех за работењето во 2024 година, поставени се следните:

- ✓ Склучување на нови договори за странски и домашни инвестиции (средни и големи компании) во износ од 350 милиони евра

- ✓ Раст на отворени работни места до 10% (односно до 1.500 нови вработени во компаниите во ТИРЗ)

- ✓ Зголемен извоз до 5% (односно до 200 милиони евра) на годишно ниво, во споредба со 2021 година

- ✓ Раст на нето платите до 5% во однос на 2021 година (за 2020 во однос на 2019 година, растот изнесува 2%)

- ✓ Раст на нето добивката до 8% во однос на 2021 година (базирано на среднорочни движења во период 2017 – 2020)

- ✓ Зголемен прилив на средства во Буџетот од компаниите во ТИРЗ до 7% во однос на 2021 година

Напомена: Индикаторите се базирани на доставените деловни планови на инвеститорите, податоци од редовните месечни и квартални анализи на Дирекцијата, како и изработени модели за проекција на движења, врз основа на анализа на работење во ТИРЗ во период 2009 – 2020г[1].

[1] Анализата е објавена на крајот на септември 2021г.

ПРВ ДЕЛ

40 – Плати и надоместоци

Во 2023 година изработена е нова Функционална анализа, како и нов акт за систематизација, што предвидува значителна реорганизација на Дирекцијата, а со цел поефикасно да се одговори на новиот пристап во работењето и поттикување на инвестициите во земјата. Со новата систематизација, организирана согласно прецизно дефинирани работни процеси, отворена е потреба од зајакнување на капацитетите, посебно во делот на планирање, подготовка и реализација на проекти, следење на договорите за државна помош, како и делот на поефикасно управување со ресурсите (човечки, финансиски и физички – земјиште, инфраструктура). Новата организација на Дирекцијата ќе овозможи поквалитетно ниво на инвестиции, забрзување на нивната реализација, а во краен ефект и значително зголемување на приходите за државата по основ на придонеси, персонален и данок на добивка. Трендот на зајакнување на капацитетите на Дирkaција со човечки капитал ќе продолжи и во 2024 година.

420 – Патни и дневни расходи

Предложените расходи за 2024 година за патни и дневни расходи се на ниво од 2023. Предвидените средства се користат за потребите на подобро презентирање на политиките и мерките за поттикнување на инвестиции.

421 – Комунални услуги , греење , комуникација и транспорт

Предложените расходи за 2024 за оваа намена се проектирани со незначителни зголемувања, а заради зголемениот обем на активности, кои предизвикуваат раст на режиските трошоци. Меѓудругото, со овие расходи опфатени се набавка на природен гас за корисниците на ТИРЗ (150 милиони МКД), тековните режиски трошоци за комунални услуги (електрична енергија, водовод и канализација), затоплување, комуникациски услуги (пошта, телефон и други трошоци за комуникација) и транспортни услуги (горива и масла, регистарција на моторни возила, транспорт на стоки и луѓе). Дополнително, потребни се средства за склучување повеќегодишен договор со квалификувано правно лице за ракување и одржување на системот за водоснабдување (13 – 15 милиони МКД).

423 – Материјали и ситен инвентар

Предложеите расходи за 2024 за оваа намена се проектирани со незначителни зголемувања и ќе се искористат за набавка на потребни за канцелариски потрошни материјали, претплата на изданијата на ЈП Службен весник на РМ и овозможување на електронски пристап до архивата на ЈП Службен весник за 2024 година, набавка на тонери и резерви делови за хардверската информатичка опрема на Дирекцијата, замена на електричните светилки во ТИРЗ со ново лед осветлување, набавка на униформи за службата за обезбедување во ТИРЗ, набавка на колонијални производи за репрезентација и санитетски производи, како и набавка на ситен инвентар и други материјали.

424 – Поправки и тековно одржување

Расходите предвидени по однос на оваа ставка се наменетиза одржување на системот за природен гас во ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2, обезбедување на ТИРЗ Скопје 1, ТИРЗ Скопје 2, ТИРЗ Штип, ТИРЗ Прилеп, ТИРЗ Кичево и ТИРЗ Струга и поправки и одржување на возила, згради, мебел, софтверска и хардверска опрема и друга опрема.

425 – Договорни услуги

Во значителен дел овие расходи се наменети за закуп на простор (физички и медиумски) за претставување на политиките и мерките на државата за поттик на инвестиции во Северна Македонија. Дополнително, овие расходи ќе се користат и за продолжување на ангажманот на меѓународна ревизорска куќа/-и за следење и верификација на подобните трошоци, што се основа за исплата на обврските за државна помош. Ова како модел е воведено во 2021 година и овозможува непосредна контрола на нивото на пријавени трошоци, а со тоа и побарувања на корисниците за исплати. Со истото, се воведуваат воедначени правила на игра за корисниците и значително се намалува ризикот од девијации во висината на трошоците што се признаваат како подобни за ко-финансирање од страна на Владата.

426 – Други тековни расходи

Расходите предвидени по однос на оваа ставка се наменети за плаќање на обврската за ДДВ согласно постојната регулатива.

427 – Привремени вработувања

Согласно насоката на Владата на Р.С. Македонија, лицата ангажирани по основ на договор на дело да се ангажираат преку агенција за привремени вработувања, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони спроведе постапка за јавна набавка за избор на Агенција за привремени вработувања. Средствата ќе бидат наменети за навремено исполнување на обврските по однос на овој договор.

ПОТПРОГРАМА ДВ- ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Во рамките на буџетските средства наменети за капитални расходи предвидени се значајни инвестициски вложувања во изградба на инфраструктурни објекти во и надвор од ТИРЗ во текот на 2024 година. Капиталните расходи би се реализирале целосно во рамки на новата иницијатива (модел) презентиран од Министерството за финансии преку Планот за финансирање на забрзан економски раст. На имплементација на моделот во Дирекцијата работат експерти на Светската банка и Меѓународната финансиска корпорација.

480- Купување на опрема и машини

Средствата предвидени во оваа ставка се наменети за набавка на информатичка и видео опрема, опрема за греење и климатизација, гасна опрема, мултифункционални машини за одржување на инфраструкура во ТИР Зоните и друга опрема за потребите за оперативно функционирање на ТИР Зоните во Р. С. Македонија.

481 – Градежни објекти

Средствата предвидени во оваа ставка се наменети за изградба на функционални објекти на Дирекцијата, со намена за ефикасно спроведување на надлежностите во просторни рамки на самите технолошко индустриски развојни зони. Корисници на објектите се и други државни институции, чиј капацитет се проширува заедно со растот на обемот на економските активности во зоните (Царинска Управа).

482- Други градежни објекти

Со започнатиот интензивен циклус на вложувања во инфраструктура во зоните во 2023 година генерирани се позитивни ефекти преку раст на број на нови договори за вложување (во првото полугодие од 2021 година вкупниот обем достигнува над 120 милиони евра, со предвидени 2.000 нови работни места, над 2 милијарди евра вкупен извоз во период до 2030 година, како и нови над 70 милиони евра проектирани приходи во Буџетот за истиот период).

Со новиот пристап во работењето, Дирекцијата вложува во развој на инфраструктура, со цел да се подигне нивото на квалитет на услугите, но и изградената инфраструктура да се користи како аргумент во поттикнување на интерес и одлука за вложување (наспроти „пасивниот" пристап на дефинирање на обврски на државата и нивна реализација напоредно или, најчесто, по завршување на инвестицијата). Вака, се избегнуваат ризиците за доцнења, а со тоа и последиците кон угледот, но и Буџетот, на основа на плаќање пенали за доцнење, со кои веќе се соочува Дирекцијата во тековното работење.

Преглед на планирани и инвестиции во тек доставен во прилог на Образложението, со квартални проекции на потребните средства, а со цел подобро планирање на динамиката за нивно обезбедување од страна на МФ преку Буџетот и евентуалните планирани интервенции на истиот

во 2024 година.

485- Вложувања и нефинансиски средства

Со предвидените расходи се обезбедува навремен надомест на обврските по завршени постапки за експропријација на земјиште, а со намена за основање на зони.

ПОТПРОГРАМА Д6- ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИОНИ ВЛОЖУВАЊА

46 – Субвенции и трансфери

Предвидените расходи за 2024 година се зголемени во однос на 2023 (буџетирани + очекувани расходи по обезбедени дополнителни средства во последен квартал). Истото се должи на значително зголемување на обемот на нови инвестиции во 2024 година, како и засилен интензитет на реализација на планирани инвестиции (согласно веќе склучени договори).

Во предвидениот износ на расходи не се опфатени можни обврски по договори што би се склучиле на почетокот на 2024 година, а кои евентуално би предизвикале обврски во последниот квартал од фискалната година.

Со новиот пристап во работењето на Дирекцијата во 2021 година генерирани се позитивни ефекти преку раст на број на нови договори за вложување (во првото полугодие од 2021 година вкупниот обем достигнува над 120 милиони евра, со предвидени 2.000 нови работни места, над 2 милијарди евра вкупен извоз во период до 2030 година, како и нови над 70 милиони евра проектирани приходи во Буџетот за истиот период). Во моментот веќе се завршени разговорите за најголемиот договор за странска инвестиција во државата од основањето (119 милиони евра), а во завршна фаза се разговорите за нови инвестиции за дополнителни 50 милиони од неколку компании. Со тоа, билансот на нови инвестиции за 2021 година се очекува да достигне помеѓу 250 и 300 милиони евра, со двојно поголеми параметри за новосоздадени работни места и зголемен тек на приходи во Буџет. Со секој нов договор за странска инвестиција, Дирекцијата изготвува детална проекција на финансиски и обврски по основ на ослободувања и други субвенции, дефинирани по календарски години. Дополнително, се доставува и пресметка на очекувани приходи во Буџетот, со проценка на *период на поврат на инвестицијата* (односно година во која приходите во Буџетот ќе го надминат вкупниот износ на државна помош по основ на парични субвенции и ослободувања).

*Квартални проекции на потребните средства се поместени во прилог, а со цел подобро планирање на динамиката за нивно обезбедување од страна на Министерството за финансии преку Буџетот и евентуалните планирани интервенции на истиот во 2024 година.*